| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Детален урбанистички план за село Лаки |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Виница |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Благоја Радевски бр. овл. 0.0104 |
| Назив на работното место | Планер Потписник, ДГТУ НИМАЕР ДООЕЛ СТРУГА |
| Контакт податоци за лицето | 078/212-727, nimaer06@gmail.com |

| Основни податоци за планскиот документ |
| --- |
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Методот за изработка на Урбанистичкиот план е во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22) и Извод од Просторен план на РМ-Услови за планирање на просторот.<br>Програма за уредување на градежно земјиште, улици и патишта во Општина Виница за 2020,2021,2022,2023 година. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☒<br>Не☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| За предметниот опфат од важечка планска документација постои само Изводот од Просторен план на РМ-Услови за планирање на просторот кој треба да претставува влезен параметар и смерница при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ. |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| ДА-Просторно и урбанистичко планирање. |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: |

| |
| --- |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Не |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| ДА-Површината на опфатот изнесува 21.39 ha. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Цел на планот е да се создадат услови за планирање на организирани простори за градба кои ќе бидат реализирани од страна на сопствениците на земјиштето и локалната самоуправа. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |

| |
|---|
| 2020-2030 година |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| Предвидено е ревидирање на планскиот документ најмалку на 10 години. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 21.39 ha. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Незначително загадување на животната средина | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Веројатност дека планскиот документ ќе има незначително влијание врз животната средина постои од причина што тој се однесува на утврдување на нови површини за градба.<br>Влијанието врз животната средина од создавањето на комунален цврст отпад, зголемена бучава и фреквенција на возила ќе биде постојано но незначително. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Кумулативното влијание ќе се протега пред се на зголеменото создавање на комунален цврст отпад, зголемена бучава и фреквенција на возила, зголемено загадување на воздухот и почвата, и ќе биде постојано но незначително. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема прекугранично влијание |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи или хаварии. Се очекува краткорочно и незначително влијание врз животната средина во процесите на изградба на овие објекти. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Вкупната површина на планскиот опфат предвиден со УП за с.Лаки изнесува 21.39 ха. Според податоците од Пописот на населението, домакинствата и становите спроведен во 2002 година, во Општина Виница регистрирани се вкупно 19.938 жители,<br>од кои 314 жители во с.Лаки. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Социо-Економското влијание на овој плански документ се состои во подобрување на социо-економската ситуација на жителите, зголемување на стапката на економски раст на Општината, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништво, начинот на живеење, зголемување на приходите на Општината и друо. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Областа на реализација на планскиот опфат ќе добие зголемена вредност. Планскиот | |

концепт е поставен врз основа на анализа на просторот, анализа на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот.

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот предложен за изработка на Урбанистички план за село Лаки, КО Лаки, Општина Виница, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Нема надминувања |
| Интензивна употреба на земјиштето | Од вкупната површина на планскиот опфат предвиден со УП за с.Лаки која изнесува 21.39 ха.<br>А1- Домување со куќи<br>А1.5 - Станбени куќи во состав на селски двор<br>Б1 - Мали комерцијални и деловни дејности<br>Б2 - Големи дејности за трговија<br>В1 - Образование и наука<br>В4.8-Згради на органите на локалната самоуправа<br>Г2- Лесна и незагадувачка индустрија<br>Д3-Спорт и рекреација на зелени површини<br>Е1 - Сообраќајни и линиски инфраструктури<br>Е1.1, Е1,8 |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Во предвидената област нема заштитени подрачја, а со тоа не постои и некакво влијание врз истите. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Со донесувањето на овој план ќе следат и поголеми инвестиции од различни сфери од економијата. Со планот се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање на данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност  со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните

резиденцијални проекти):

Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Донесувањето на планскиот документ ќе има незначително негативно влијание врз животната средина и промовирање на одржлив развој. Недоследното почитување на законите во делот на заштита на животната средина може да се очекуваат влијанија врз здравјето на човекот и животната средина. Тоа подразбира емисии во воздух, отпадни води, генериран отпад итн. Про тоа со реализација на проектот на се загрозуваат природни реткости.

-Од обласата на животната средина незначително влијание би имало на воздухот и почвата во фазата на изградба, преку зголемување на емисии на цврсти честички и зголемена бучавост, создавање на градежен отпад итн, како и влијание врз природата и природниот пејсаж, кои влијанија би биле краткорочни.

-Од аспект на одржливоста, донесувањето на планскиот документ позитивно ќе влијае врз: Зголемување на социо-економската моќ на населението преку решавање на деловното прашање и вработувањето а со тоа и зголемување на квалитетот на живот во градот Виница како и подобрување на условите за живот.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Од Еколошки аспект значајни се следниве проблеми кои би се јавиле од планскиот документ:

-Зголемување на создавање на отпад

-Зголемена бучавост

-Неправилно управување со отпадот и неправилното постапување со отпадните води може да доведе до загадување на животната средина.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

За Урбанистички План за село Лаки, К.О. Лаки, Општина Виница се изработени Услови за планирање на просторот со тех. бр.Y03020. Урбанистички План за село Лаки, К.О. Лаки, Општина Виница е поврзан со следниве документи:

- Стратегија за климатски промени на Општина Виница;
- стратегиска оценка на животната средина за локална стратегија за климатски промени, Општина Виница (2015-2025). Целите на сите наведени плански документи ќе бидат усогласени со целите и содржините на планот и нема разлика во клучните одлуки.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна

| | |
|---|---|
| фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Потенцијалните влијанија од планскиот документ претходно не биле предмет на оцена. | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Согласно Закон за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанија врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Закон за животна средина како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанијата врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, се со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведување на проектот. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Општина Виница<br>Градоначалник<br>Миле Петков |
| Датум 05.04.2023год<br>Место Виница | М.П. |